САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

„11 Октомври“

во град Куманово, Општина Куманово

за период од 2024 - 2026 година



Јуни, 2026 година

Самоевалуација на училиштето	
Училиште	ООУ „11 Октомври“
Адреса	Ул. „Тодор Велков“ б.б., Куманово
Телефон, е-пошта	031424235, oou11oktomvrikumanovo@gmail.com oou-11oktomvri-kumanovo@schools.mk
Период на подготовка на СЕУ	
Број на ученици во училиштето	432
Број на подрачни училишта	2
Училишен директор	
Име и презиме	Славица Стојановиќ
Потпис	
Датум	
Одобрување од УО	
Име и презиме	Далибор Стојановиќ
Потпис	
Датум	

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

Индикатори за подрачјето:
1.1 Планирања на наставниците
1.2 Наставен процес
1.3 Искуства на учениците од учењето
1.4 Оценувањето како дел од наставата
1.5 Воннаставни активности и натпревари

Самоевалуација на училиштето: ООУ „11 Октомври“ **Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

Собирање податоци		
Индикатор 1.1 Планирања на наставниците		
Извори на податоци	**Извори на податоци**	**Извори на податоци**
Годишна програма за работа на училиштето; планирања на наставниците; списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки;	Поддршка и следење на планирањата на наставниците	ВКУПНО АНКЕТИРАНИ 41 НАСТАВНИЦИ; 107 УЧЕНИЦИ; 127 РОДИТЕЛИ Најголем број наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава, како и воннаставните активности. Подготвуваат годишни, тематски, планирања и оперативен план за наставен час,

записници и списоци од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од стручни соработници за следени планирања.		односно годишни и тематски процесни планирања што ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценувањето кај поголем број наставници се јасно утврдени во планирањата и ги користат информациите од оценувањето за утврдување на потребите на учениците и да ги планираат следните активности во поучувањето и учењето. Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на стручна служба служба и од страна на директорот. Постои силна поддршка од стручната служба, директорот и/или назначеното лице при изготвувањето на планирањето за наставниот предмет/предмети, што го потврдуваат 90,3% од наставниците. Планирањата редовно се следат електронски од страна на директорот и стручната служба, при што 92,7% од наставниците се согласуваат дека тоа се прави најмалку два пати во полугодието. Наставниците за проследени наставни часови добиваат конструктивна повратна информација. Со ова тврдење се согласуваат најголем дел од наставниците (87.8%). Училиштето обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од новата концепција на основното образование, меѓуетничка интеграција, интегрираното образование, инклузија во образованието и еколошките содржини во планирањата на наставниците. Од анализата на резултатите добиени од анкетата на наставниот кадар, како и од останатите наведени извори, може да се заклучи дека најголем дел од наставниците (87,8%) потврдуваат дека добиваат навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата.

	Размена на искуства и на информации при планирањето	Во рамките на стручните активи, наставниците редовно разменуваат искуства (90,2%), што придонесува за подобрување на квалитетот на планираната настава. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др .
Индикатор 1.2 Наставен процес		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Годишна програма за работа научилиштето; распоред на часови; едневник; педагошка евиденција и документација; списоци и извештаи од реализирани обуки; записници од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; ученици, родители; дискусии во фокус групи со ученици, наставници и родители; интервјуа со директорот, стручните соработници;	Реализација на наставни планови и програми	Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем, 92,1% од родителите сметаат дека учениците ги имаат сите часови согласно распоредот.
	Избор на наставни предмети	Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Најголем дел од испитаниците ученици и родители сметаат дека се запознати со листата на изборни предмети и активности.
	Избор на задачи, активности и на ресурси	Наставниците (100%) изјавуваат дека ги приспособуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на учениците, со што се согласуваат и 86,6% од родителите. Притоа, најголем дел од испитаните наставници сметаат дека користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Со ова тврдење најголем дел од испитаните

извештаи од посети на наставни часови; решенија за инклузивен тим на училиштето; изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби; записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик; извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ),		родители го подврдуваат. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. Учениците сметаат дека часовите се интересни, 64,5% потврдуваат дека на часовите учат на различни начини (проекти, игра, истражување). За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби.
	Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно	Овој аспект е широко покриен во прашалниците преку неколку индикатори: **1.Поддршка и мотивирање:** Наставниците во голем процент (над 70% целосно се согласуваат) изјавуваат дека ги поттикнуваат учениците да постават прашања. Слично на ова, учениците потврдуваат дека можат слободно да прашаат ако нешто не знаат (42,1% целосно се согласуваат, а 43% се согласуваат). Почитување и разбирање: Речиси сите наставници (75,6% целосно се согласуваат) сметаат дека се однесуваат со почитување кон учениците. Поголемиот дел од учениците (52,3% целосно се согласуваат) исто така се чувствуваат прифатени од наставниците. Сепак, кај прашањето дали наставниците ги разбираат нивните потреби и проблеми, одговорите на учениците се поподелени (21,5% целосно се согласуваат, додека 44,9% само се согласуваат). Пофалби и повратна информација: Наставниците наведуваат дека редовно ги пофалуваат учениците за постигнатите резултати и вложениот труд (над 75% целосно се согласуваат). Учениците го потврдуваат ова, иако во нешто помал процент (околу 55% целосно се согласуваат).

извештаи од реализирани активности за меѓуетничка интеграција; материјали од постапката за определување изборни/слободни изборни предмети и активности; планирања за изборни предмети.		Еднаков третман: Родителите во висок процент (50,4% целосно се согласуваат) сметаат дека нивното дете е почитувано од наставниците. Наставниците пак, во висок процент (51,2% целосно се согласуваат) тврдат дека соодветно реагираат на поплаки за нееднаков третман. На поголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. Постои слобода на изразување: 90,6% од родителите и 67,3% од учениците сметаат дека учениците можат слободно да го кажат своето мислење за време на часовите. **2. Меѓусебна интеракција на учениците** Податоците за односите меѓу самите ученици се фокусираат на соработката за време на часовите и социјалната прифатеност: Интеракција за време на наставата: Наставниците потврдуваат дека учениците често работат на начини кои подразбираат меѓусебна интеракција (41,5% целосно се согласуваат, 56,1% се согласуваат). Учениците исто така наведуваат дека се активно вклучени во групи и дискусии (53,3% се согласуваат). Социјална прифатеност и клима: Најголем број ученици (34,% се согласуваат и 51,4 целосно се согласуваат) се чувствуваат прифатени од своите соученици и наставниците Родителите исто така имаат позитивна перцепција, каде 48,8% целосно се согласуваат дека нивното дете е почитувано од соучениците. Интеркултурна соработка: Постојат податоци за реализација на активности со ученици од различни јазици и култури, каде 42,5% од родителите се согласуваат дека нивното дете било вклучено во такви активности. **Предизвици и конфликти:** Училиштето редовно спроведува активности за превенција на насилство, а сето тоа се потврдува од податоците добиени

Годишен извештај 2024/2025 г. и 2025/2026 г.		од учениците и истите откриваат дека најголем дел (86,9) изјавиле дека никој не се однесувал несоодветно кон нив. Во коментарите, учениците наведуваат примери на врсничко, вербално насилство, навреди врз основа на изглед и физички пресметки или исмевање. Сепак, податоците покажуваат дека голем дел од учениците (вкупно 90,7% се согласуваат или целосно се согласуваат) знаат како да постапат доколку забележат или им се случи врсничко насилство. Слично на ова, наставниците тврдат дека во училиштето се работи со сите ученици вклучени во вакви појави. Генерално, наставниците и учениците имаат слично позитивно мислење дека во училиштето постои поддршка. ***Подетална споредба на нивните ставови низ неколку клучни аспекти:*** **1. Мотивација и поттик за напредок** Наставници: Огромно мнозинство од наставниците (над 75%) сметаат дека редовно ги пофалуваат учениците за нивниот труд и постигнатите резултати. Ученици: Иако најголемиот дел од учениците потврдуваат дека добиваат пофалби, процентот на оние кои „целосно се согласуваат“ е значително помал – околу 29% за пофалба на трудот и 31,8% за постигнатите резултати. Кај нив доминира одговорот „се согласувам“ (над 55%). Поттик за успех: 60,7% од учениците се согласуваат дека наставниците постојано ги поттикнуваат да го подобрат успехот. ***2. Слобода за прашување и барање помош*** Наставници: Дури 70,7% од наставниците тврдат дека целосно ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат. Ученици: Учениците се чувствуваат слободни да прашаат (85,1% вкупно согласување), но само 42,1% целосно се согласуваат со оваа можност.

		Слично е и кај барањето помош од класниот раководител или друг наставник, каде 53,3% се согласуваат, а 32,7% целосно се согласуваат дека можат да се обратат за помош. ***3. Поддршка при решавање проблеми*** Наставници: Повеќе од половината наставници (51,2%) целосно се согласуваат дека учениците добиваат соодветна поддршка за решавање проблеми. Ученици: Кај учениците, ова чувство е нешто послабо изразено – 37,4% целосно се согласуваат, додека 42,1% само се согласуваат дека добиваат таква поддршка. ***4. Насоки за учење и повратна информација*** Наставници: Наставниците се многу уверени дека им даваат јасни насоки на учениците како поуспешно да учат (65,9% целосно се согласуваат). Ученици: Учениците потврдуваат дека добиваат информации за своите постигнувања и начини за подобрување, но повторно во поумерен процент на целосно согласување (23,4%) и се согласуваат 57,9 во споредба со наставниците. Заклучок: Иако и двете групи ја препознаваат поддршката како присутна, наставниците имаат поидеализирана слика за сопствената улога во поддржувањето на учениците. Учениците, иако главно задоволни, покажуваат дека постои простор за засилување на таа поддршка за таа да биде повидлива за поголем број од нив.
	Реализација на образовна инклузија	Од учебна 2021/22 г. МОН го превзема проектот општествено корисна работа и посебно го назначува ПОУРЦ „Иднина“ – Скопје кое е надлежно и за нашата Општина. Преку ресурсниот центар во учебната 2025/26 година обезбедени се 12 (дванаесет) образовни асистенти за ученици со проценка според МКФ (Меѓународна класификација на функционалности). Таа бројка на образовни асистенти се менува кога

		еден ученик се отпишува или завршува деветто одделение, а се запишуваат нови првачиња или кога нов ученик добива МКФ проценка. Во редовната настава вклучени се дваесет и еден ученик со посебни образовни потреби, со наод и мислење од соодветна здравствена институција (МКФ). За поддршка и работа со учениците со посебни образовни потреби училиштето има формирано училишен инклузивен тим. За ученици со посебни образовни потреби училиштето има формирано инклузивен тим за секој ученик кој изработува индивидуален образовен план за работа со овие ученици согласно нивните потреби. Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива. Училиштето активно соработува со надлежниот Ресурсен центар и Центарот за поддршка за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Помал број од наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП. За работа со учениците со посебни образовни потреби во училиштето има ангажирано девет образовни асистенти. Согласно со дидактичките упатства добиени од специјалниот едукатор и согласно со пропишаната процедура за изготвување на индивидуален образовен план наставниците ги прилагодуваат целите од наставната програма според посебните образовни потреби на учениците, со цел да постигнат најмногу што можат. Пристапот на училиштето е приспособен на потреби на учениците со телесна попреченост. Изградена е пристапна рампа на влезот на

		училиштето, изграден е и тоалет за деца со телесен инвалидитет. Исто така опремена е Сензорна соба за индивидуална подршка на ученици со ПОП и потешкотии до која има прилагоден пристап по скали за ученици со телесен инвалидитет. Во училиштето има опремено и посебна просторија за индивидуална работа во согласност со потребите на учениците. Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во според целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниците (92,7%) успешно соработуваат со асистентите со цел за најдобар интерес на ученикот. Училиштето идентификува и им дава поддршка на учениците со потешкотии и на талентираните ученици. Надарените и талентираните ученици се вклучени во дел од активностите кои ги организира училиштето но и надвор од него. Но сепак, за оваа категорија на ученици – надарени и талентирани, наставниот кадар има потреба од посоодветна едукација за работа и искористување на нивниот потенцијал.
	Активности за меѓуетничка интеграција во образованието	Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИМО. Поголем број од наставниците реализираат МИМО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план и тоа најголем дел целосно се согласуваат. Меѓуетничка интеграција: 95,1% од наставниците реализираат интеркултурни активности според план. Најголем број од учениците сметаат дека биле вклучени во активности заедно со ученици

		од други култури. Исто така и родителите сметаат дека нивното дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазиции. Но од Годишниот извештај на училиштето се забележува дека во текот на овие две години има недоволен број на организитрани активности од МИМО со партнер училиште ООУ „Јероним Де Рада“ – с. Черкезе и мала информираност на родителите за спроведување на истите.
Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Анкета за ученици Анкета за родители Анкета за наставници Изработени постери од ученици на час изложени во кабинетите за настава Разговор со ученичката заедница, родителите, наставниците Кодекс за однесување Увид во ученички досиеја Увид во евиденција на стручна служба Промовирање на училиштето со учество на регионални и државни натпревари и освоени награди и пофалници	Средина и атмосфера за учење	Учениците и родителите го доживуваат училиштето како стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, којашто поттикнува интерес за учење. Училишните простории (училници, тоалети, ходници, холот на училиштето) се чисти и естетски уредени со изложени трудови на учениците на видни места. Тие редовно се менуваат, согласно целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд. Учениците сами ги избираат слободните изборни активности и предмети според сопствените интереси. На учениците им се овозможува целокупна активност во наставата и имаат можност да го искажат своето мислење при решавање на проблеми и одлучување. На најголем број на часови сите ученици се активно вклучени, поставуваат прашања, дискутираат и работат во групи, 64,5% од учениците сметаат дека наставниците ја прават содржината интересна, а 67,3% се чувствуваат активно вклучени во наставата преку дискусии и групна работа. Учениците на часовите користат различни материјали и извори за учење (на пример енциклопедии, списанија, речници, интернет). Наставниците ги мотивираат и поддржуваат учениците за учество во натпревари (66,4%) и различни проекти (73,8%). Родителите сметаат дека училиштето низ организирани форми ги

		поттикнува и мотивира учениците за меѓусебна соработка и соработка со други субјекти во училиштето. Сепак, во слободните коментари, некои ученици посочуваат потреба од подобрување на односот на одредени професори и техничките услови во училниците. Наставниците сугерираат за снабдување на ИКТ помагала во училница (лаптоп, паметна табла, печатач...) за поефикасна реализација на на часовите.
	Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците	Стручната служба и наставниците го следат работењето и напредувањето на учениците, при што се користат разновидни техники и инструменти за откривање и воочување на образовните потреби на секој ученик. Стручната служба редовно води евиденција од сите набљудувања, разговори, акциски истражувања, сознанија од употреба на техники и инструменти за работа со родители, наставници и ученици. Одделенските и класните раководители се во директна комуникација со учениците, првчино самостојно ги решаваат настанатите проблеми со учениците (дисциплина, редовност, намален успех), а потоа редовно пријавуваат во Стручната служба кога проценуваат дека има потреба од тоа. Стручната служба е во постојана комуникација со родителите, одделенските и класни раководители и предметните наставници со цел откривање на евентуали потешкотии кај одредени ученици. Заради надминување на потешкотиите на учениците, стручната служба ги презема овие активности: советодавна работа со ученици, родители, наставници, идентификување и разрешување на проблеми, помош во изготвување на диференцирани задачи, разговори, мотивирање и активирање. Со оглед на поставеноста на ученикот во центарот на вниманието, при реализацијата на наставниот процес, неопходно е и континуирано се преземаат активности за задоволување на образовните потреби, како и

		изнаоѓање начини за надминување на слабостите во процесот на учење. Се преземаат многубројни активности за исполнување на образовните потреби и отстранување на пречките. Образовните потреби се идентификуваат според постигнатите резултати по одреден предмет, активност на час, интересот на одредени ученици во одредени области и сл. За своите образовни потреби учениците разговараат со одделенскиот раководител, на одделенски часови, а со наставниците на Одделенски и Наставнички совет и на Совет на родители. Според нивните потреби, тие може да посетуваат дополнителна настава, додатна настава и СУА (за учениците кои покажуваат особен интерес). За воспитно-образовните потреби и проблеми учениците дискутираат и на ниво на Училишен парламент. За проблемите во врска со учењето или социјализацијата секој ученик може да се обрати и до стручна служба и да разговара за истите, како и за начинот на нивно решавање. Преку низа активности (семинари, обуки и советувања) инволвираните наставници се стекнуваат со способности за создавање услови за исполнување на образовните потреби за сите ученици. Специјалниот едукатор и рехабилитатор работи индивидуално со учениците кај кои се забележани потешкотии (забележанои се позитивни резултати во напредокот на учениците при извршување на училишните обврски откако редовно ја посетуваат сензорната соба во училиштето.)
Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Програма за работа на училиштето	Училишна политика за оценување	Училиштето континуирано работи на подобрување на системот за оценување, со цел да се подобри поучувањето и учењето и придонесува за оптимален индивидуален напредок на секој ученик.

Стандарди за оценување • Анкета за родители • Кодекс на оценување • Увид во педагошка евиденција и документација • Користени инструменти за оценување (тестови на знаење, бодовни листи, аналитички и холистички листи, чек- листи)		Следењето и оценувањето на учениците се планира во развојниот план на училиштето и секоја година во рамките на годишниот план за работа се определуваат цели кои се поврзани со следењето и оценувањето. Следењето и оценувањето се планира во глобалниот годишен план, тематското-процесно планирање и оперативниот план за наставен час каде вклучени се: целите, принципите, задачите, содржината, формите и методите, оценувањето и ресурсите поврзани со учењето по сите наставни предмети. Сите наставници ја реализираа добиената задача да ги наведат очекуваните исходи во своите тематско-процесни планирања, што придонесе за подобрување на оценувањето на учениците. Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Учениците и родителите се запознаени како со стандардите за оценување така и со Кодексот на оценување. Наставниците ги информираат учениците за начинот на работа и критериумите за оценување на почетокот од учебната година. Оценувањето е континуирано, јавно и оценката е образложена на секој ученик со факти и сугестии како ученикот да го подобри својот успех. Наставниците се стремат кон усогласување на критериумите за оценувањето на квантумот знаења на учениците почитувајќи ги критериумите и стандардите за оценување на веб- страницата на БРО.
	Методи, форми и инструменти за оценување	Наставниците користат различни форми и методи за оценување со цел учениците да го постигнат својот максимум: усни одговори, наставни ливчиња, листи за аналитичко оценување и самооценување, чек-листи, тестови и писмени работи (со повеќе тежински нивоа), домашни работи,

<table>
<tr><td></td><td></td><td>изработка на проекти, активност и ангажираност во текот на часот. Наставниците имаат редовни подготовки за писмени работи и тестови.</td></tr>
<tr><td></td><td>Коефициент на континуитет на успехот на учениците</td><td>
<table>
<tr><td colspan="4">Учебна 2024 /2025</td></tr>
<tr><td>одделение</td><td>7 одд</td><td>8 одд</td><td>9 одд</td></tr>
<tr><td>Среден успех на полугодие</td><td>3,85</td><td>3,72</td><td>3,87</td></tr>
<tr><td>Среден успех на крај</td><td>4,19</td><td>4,18</td><td>4,26</td></tr>
<tr><td>Коефициент</td><td>0.92</td><td>0.89</td><td>0.91</td></tr>
</table>
<table>
<tr><td colspan="4">Учебна 2025 /2026</td></tr>
<tr><td>Одделение</td><td>7 одд</td><td>8 одд</td><td>9 одд</td></tr>
<tr><td>Среден успех на полугодие</td><td>3,85</td><td>3,64</td><td>3,86</td></tr>
<tr><td>Среден успех на крај</td><td>4,10</td><td>3,92</td><td>4,20</td></tr>
<tr><td>Коефициент</td><td>0.94</td><td>0.93</td><td>0.92</td></tr>
</table>
Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од две претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е поголем од 0,9.
</td></tr>
<tr><td></td><td>Користење на информациите од оценувањето во наставата</td><td>Добиените информациите од оценувањето им овозможуваат на наставниците да ги идентификуваат силните и слабите страни кај учениците и преку истите, да ги адаптираат, креираат и проценат своите наставни планови во однос на подобри стратегии, подобри планирања и поуспешна реализацијата на наставата. НПП дава слобода наставниците да внесат измени во материјалите, измени во методите на предавање или додатни ресурси за да се зголеми интересот за учење.</td></tr>
</table>

		Наставниците ги препознаваат учениците кои потешко усвојуваат наставни содржини или побрзо напредуваат и им предлагаат дополнителни наставни материјали, индивидуална настава или посебни програми за совладување на наставниот материјал, да дискутираат со учениците за напредокот и постигнувањата и ги вклучуваат во дополнителна или додатна настава. Наставниците подготвуваат разни извештаи и анализи по класификациони периоди. Учениците редовно добиваат повратни информации од наставниците за нивната работа. Во училиштето редовните наставни предмети се оценуваат описно и бројчано со оценки од недоволен (1) до одличен (5), додека изборните наставни предмети се оценуваат со : недоволен (1), добар (3) и одличен (5) Учениците од I до III одд. се оценуваат описно, од IV до VI одд. се оценуваат описно и со бројчани оценки, а учениците од VII до IX се оценуваат само со бројчани оценки.
Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
	Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности	**Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности (организирање на секции, екскурзии, приредби и друго за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците)** • Опфатеност на учениците со воннаставни активности • Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставни активности • Афирмирање на учениците и училиштето преку воннаставни активности
	Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на	Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, социјален и друг развој.

	наставата со воннаставните активности	Во рамки на воспитно образовниот процес, училиштето организира и остварува воннаставни активности според Концепција за воннаставни активности во основното образование и тоа: **краткотрајни воннаставни активности** • излети и екскурзии • еднократни рботилници • акции во училиштето или во заедницата **подолготрајни воннаставни активности** • секции/клубови Сите наставници во своите планирања навреме ги планираат воннаставните активности што ги одразуваат интересите, желбите и потребите на учениците и истите речиси во целост ги реализираат. Училиштето овозможува најголем број на ученици да бидат вклучени во воннаставните активности не исклучувајќи ги притоа учениците со потешкотии во учењето и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социо-економски статус. Како резултат на овие активности учениците се мотивираат за проширување и продлабочување на знаењата при што се развива инвентивноста и креативноста, другарството, соработката, хуманиот однос и натпреварувачкиот дух меѓу децата во училиштето. Во воннаставните активности кои што се реализираат во нашето училиште секогаш се вклучени ученици од машки и женски пол. Во нашето училиште учениците од различна националност од македонската имаат можност да го изучуваат јазикот на својата националност (српски, ромски) и преку разновидни изработки да го вклучат јазикот на својата националност во воннаставните активности.

		Опфатеност на учениците со воннаставни активности Учениците се вклучени во воннаставните активности според сопствен избор. Групите се хетерогени и обезбедуваат градење соживот меѓу учениците. Во училиштето постојат примери за вклучување на учениците со посебни образовни програми во воннаставните активности(секогаш добиваат помош и поддршка од образовните асистенти). Учениците делумно учествуваат со свои предлози, содржини и активности во подготвување на програмите за работа во воннаставните активности. **Афирмирање на учениците и училиштето преку воннаставни активности** Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Учениците и наставниците работат и на проекти од еколошка природа. Преку учеството и активностите во организираните секции, училиштето редовно ги афирмира личните постигања на учениците и училиштето. Училиштето планира и реализира ученички екскурзии и излети како една од формите на воннаставна активност. При планирањето и подготовката на истите училиштето доследно ги почитува одредбите од Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и другите слободни активности на учениците во основните училишта.
	Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности	Учениците учествуваат во подготвувањето на програмите за реализација на воннаставните активности. Преку воннаставните активности учениците ги реализираат своите желби, интереси и способности кои се надвор од наставата и ги дополнуваат своите знаења. 51% анкетирани ученици се изјасниле дека целосно се согласуваат дека имаат избор на различни воннаставни активности (на пр. клубови,

	ОКР	проекти, акции). 56,1 % од анкетираните ученици се согласуваат дека се вклучуваат во воннаставни активности. 54,4% од анкетираните ученици се согласуваат дека се редовно вклучени во воннаставните активности. 50,9% анкетирани ученици се согласуваат дека се вклучени во активности заедно со ученици од други култури (од моето или друго училиште). Од почетокот на **второто полугодие од учебната 2025-2026 год**. според ***Водичот за општествено-хуманирана работа*** од БРО во училиштето на ниво на седмите одделенија се реализираа следниве активности од: 1. ***Велигденски базар-Шарено јајце;*** 2. ***Демократско партиципирање на учениците од Училиштниот парламент во работата на училиштето преку одлуки, барања и реализација на активности ;*** 3. ***Мислам локално – делувам глобално (од рециклирање до засадување на органска храна);*** 4. ***Музички хуманитарен хепенинг РИТАМОТ НА ГЕНЕРАЦИЈАТА***
	Натпревари	Учениците во нашето училиште редовно учествуваат на општински, регионални и државни натпревари по сите наставни предмети. Предметните наставници на време и редовно ги известуваат учениците за термините на натпреварите. Во училиштето се организираат интерни натпревари во вид на квизови, одговарање на кратки прашања, спортски игри од областа на различни видови на спортови, музички натпревари, спелување на зборови по странски јазици, пишување на есеи по македонски јазик, ликовни колонии, и.т.н.

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

Опис/резиме на подрачјето

Училиштето им обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Поголем број од испитаниците сметаат дека добиваат поддршка од страна на стручната служба и директорот при изготвувањето на планирањето за наставниот предмет.

Поголем број сметаат дека се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. Мал број од испитаниците сметаат дека во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи. Поголем број од испитаниците сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта.

Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. Во текот на учебната година најголем дел од испитаниците сметаат дека учениците ги имаат сите наставни часови, согласно распоредот.

Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми. Поголем дел од испитаниците ученици и родители сметаат дека се запознаени со листата на изборни предмети и активности како и дека по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците.

Најголем дел од задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, дел од испитаните наставници сметаат дека користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература, со што се согласуваат поголем дел од испитаните ученици и родители.

Интеракцијата меѓу учениците и наставниците е на задоволително ниво. Исто така на најголем број наставни часови се применуваат соодветни методи и техники кои овозможуваат квалитетна и меѓусебна соработка кај учениците.

Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива.

Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО. Поголем број од наставниците реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план.

Поголем дел од учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.

Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето.

Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава .

Недоволен број на организитрани активности од МИМО со партнер училиште ООУ „Јероним Де Рада“ – с. Черкезе и мала информираност на родителите за спроведување на истите

Учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Во училиштето, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности.

Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) , како и во други активности со натпреварувачки карактер.

Училиштето континуирано работи на подобрување на системот за оценување со цел да се подобри поучувањето и учењето и придонесува за оптимален индивидуален напредок на секој ученик.

Силни страни

Поголем број од испитаниците сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи и како резултат на тоа се подобрени планирањата кај најголем број од наставниците .

Родителите и учениците се запознати со листата на изборни предмети и активности и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците.

Задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците.

На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците, каде што со примена на разни методи и техники се овозможува постигнување на целите на часот.

Високо ниво на декларирано меѓусебно почитување и отвореност за комуникација на часовите.

Висок степен на соработка меѓу наставниците и асистентите што придонесува за подобар и поуспешен напредок на учениците со ПОП;

Успешно и креативно реализирани активности (проекти) од ОКР.

Слаби страни

Недоволно дополнителни едукации на учениците и наставниците за поактивно справување со појавите на врсничко насилство и навреди, кои се појавуваат во поединечни одговори на учениците.

Потреба од подобро разбирање на емоционалните потреби на учениците од страна на наставниците и поактивно справување со појавите на врсничко насилство и навреди, кои се појавуваат во поединечни одговори на учениците.

Недоволен број на организитрани активности од МИМО со партнер училиште ООУ „Јероним Де Рада“ – с. Черкезе и мала информираност на родителите за спроведување на истите.

Потреба од дополнителна едукација на сите субјекти вклучени во воспитно образовниот процес за работа со ученици со ПОП.

Недостаток на ИКТ помагала во училница (лаптоп, паметна табла, печатач...) за поефикасна реализација на на часовите.

Приоритети

Потреба од дополнителни работилници и едукации на учениците и наставниците за поактивно справување со појавите на врсничко насилство и навреди.

Ангажирање на стручни лица (МОН, БРО, ОУРЦ„Иднина“) за реализирање на обуки во врска планирање и реализирање на настава со ученици со ПОП, со работа со ученици со ПОП како и планирање и реализирање на настава и работа со надарени и талентирани ученици.

Континуирано реализирање на активности од МИО и поголема информираност на родителите во врска со спроведени активности со партнер училиште ООУ „Јероним Де Рада“ – с.Черкезе.

Снабдување на ИКТ помагала во училница (лаптоп, паметна табла, печатач...) за поефикасна реализација на часовите.

Подрачје 2: Постигања на учениците

Индикатори за подрачјето:
2.1 Постигања на учениците

2.2 Мерки за подобрување на постигањата

Самоевалуација на училиштето: ООУ „11 Октомври“ **Подрачје 2: Постигања на учениците**

Собирање податоци		
Индикатор 2.1 Постигања на учениците		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Е-дневник, записници од родителски состаноци, анализи на постигања по различни критериуми и класификациони периоди и акциски план за подобрување, анкети со ученици, наставници, родители,	Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди	Од годишните извештаи за работа на училиштето може да се добијат детални податоци за успехот на учениците по предмети, паралелки, пол, етничка припадност за сите класификациони периоди. Повисоки резултати се постигаат по предметите кои ги нарекуваме вештини и изборните предмети во однос на природната група на предмети. Од податоците за постигања на учениците според пол со кои располагаме во училиштето покажуваат дека и од двата пола учениците покажуваат приближен успех, а според етничката припадност најслаби се Ромите. Следат статистички податоци и анализи на ниво на централно и подрачно училиште. Преку овие податоци се гледа дека не само што се врши следење на постигањата на учениците, туку се врши споредба и анализа на нивни претходни постигања и постигања на ниво на генерации. Анализата опфаќа споредба и по пол и јазик, по различни наставни предмети, споредба со претходно полугодие и други слични параметри.

интервјуа со стручни соработници, директор. Годишна програма за работа на училиштето -Анализи на успех -Досиејата на учениците -Полугодишен и годишен извештај Записници од Наставнички совет и Одделенски совети Записници од Стручни активи		Училиштето и наставниците континуирано ги следат постигањата на учениците во воннаставните активности и уредно се води евиденција. На Наставничкиот совет се дискутира и разгледува успехот на постигањата на учениците по одделни предмети и одделенија и се предлагаат активности за подобрување на истиот.
	Резултати од екстерни тестирања	Во учебната 2024/25 и 2025/26 година оценувањето на учениците се одвива согласно Законот за основно образование, односно описно и бројчано. Описното оценување на учениците се применува за учениците од првиот период на основното образование (учениците од прво до трето одделение). Учениците во вториот период од четврто до шесто одделение добиваат бројчана оценка на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година, а учениците во третиот период од основното образование (од седмо до деветто одделение) се оценуваат бројчано во текот на целата учебна година. Училиштето зема учество во Меѓународната студија на ИЕА за напредокот во читачката писменост (PIRLS). PIRLS е меѓународно оценување на читање со разбирање во четврто одделение кое се спроведува на секои пет години од 2001 година. Во учебната 2025/2026 година учество во тестирање од меѓународната студија ИЕА, по случаен избор од страна на ДПИ се тестирани сите ученици од IV одделение од Подрачното училиште Долно Којнаре, спроведено во месец мај по предметите македонски јазик и математика.
Програма за ученици со посебни потреби; Програма за талентирани ученици;	Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост	При запишување на учениците, стручните соработници и комисијата за упис на првачиња заедно ги идентификуваат ученици со потешкотии и ПОП и родителите ги упатуваат во соодвенти институции за понатмошно утврдување на нивната состојба.

-Медицинска документација на ученици; - ИОП; -Анкети со наставници		Наставниците по инструкции на специјален едукатор и рехабилитатор изготвуваат долгорочни и среднорочни планирања и индивидуални образовни планови по кои работат учениците со ПОП. Во училиштето се изготвуваат различен вид на евиденции за учениците и тоа: - Евиденција на учениици со ПОП; - Евиденција на учениици со потешкотии; - Евиденција на надарени и талентирани ученици; - Евиденција на учениици со емоционални проблеми; - Евиденција на учениици здравствени проблеми; - Евиденција на учениици социјална потешкотии; Во текот на воспитно обраовниот процес, напредокот на сите ученици го следи одделенскиот односно класниот раководител. Освен наставникот, учениците се следат и од стручната служба преку различни активности: разговор со родители, разговор со наставници, индиректен увид во семејната положба, соработка со Центар за социјални работи, евиденција од наоди и мислења од лекар, комисија за категоризација (МКФ категоризација) и Совет на родители. Училиштето соработува со основното училиште со ресурсен центар „Иднина“ - Скопје кое обезбедува образовни асистенти за поддршка на учениците со попреченост. Во нашето училиште има ангажирано 12 образовни асистенти, од кои некои асистенти опслужуваат две или повеќе деца. Идентификацијата на надарените ученици оди отежнато поради тоа што училиштето не располага со инструменти за целосно потврдување на откриената надареност на учениците. **Резултати од анкета со наставници:** Во анкетата учествувале 41 наставници

		Тврдење 2.1: Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето. 61 % одговориле -Целосно се согласувам, 36,6 % одговориле- Се согласувам, 2,4% одговориле- Не се согласувам. **Тврдење 2.2: Успевам да ги идентификувам надарените ученици.** 58,5 % одговориле- Целоцно се согласувам 41,5 % одговориле- Се согласувам 0 % одговориле- Не се согласувам, целосно не се согласувам и незнам/немам информација. И покрај тоа што наставниците во анкетите се изјасниле дека ги идентификуваат надарените и талентираните ученици, сепак од досегашната практика се воочува дека имаат потреба од дополнителна доедукација за дополнителна работа со оваа категорија на ученици.
Програми за родителски состаноци -Покани за родителски состаноци -Список за присуство на родителски состаноци -Записници од одржани родителски состаноци -Покани за индивудуални средби	Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците	Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците за секој класификационен период. Во текот на годината се одржуваат 5 задолжителни состаноци за успехот и напредокот на учениците и 1 состанок на почетокот на учебната година, каде родителите/старателите се информираат за наставната програма, наставниот кадар како и за критериумите за оценување и вреднување на постигањата на учениците. Сите родителски состаноци се одржуваат согласно според однапред изготвена програма за родителски состаноци од страна на одделенските и класните раководители. За секој сосатнок се изготвува записник во е-дневникот. Известувањето на родителите/старателите е евидентирано на посебни списоци за

-Анкета со родители, наставници и ученици		присутност на состанокот, кои ги изготвуваат одделенските и класните раководители. Известувањето се врши и преку Совет на родители и со табеларни прикази на постигањата на учениците од страна на педагошко-психолошка служба. Известувањата се вршат и индивидуално со покана на родителот/ старателот во училиштето, каде се разговара и согледува постигањето на поедини ученици и во забелешка во е-дневникот се воведува датумот на остварената индивидуална средба со родителот/ старателот. Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете и преку е-дневникот кој уредно се води во текот на целата учебна година.
Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
-Записници од советувања на родители и ученици; -распоред и списоци за дополнителна и додатна настава; -Е-дневник; -извештаи за соработка со различни чинители за подобрување на постигањата. -Табеларни прегледи за секој класификационен период	Редовност во наставата	Редовноста во наставата се следи во текот на целата учебна година. Одделенски раководители и предметните наставници ги ажурираат изостаноците во електронскиот дневник на крајот на секоја седмица. За учениците кои не се редовни на наставата се преземаат педагошки мерки, се врши советување со учениците и нивните родители и доколку тоа не даде резултати се соработува со надворешни институции како што се Центар за социјална работа, Министерство за внатрешни работи и Локална самоуправа (оддел за образование). Учениците кои изостануваат од наставата подолг период поради (патување во странство, поради здравствени причини или некои други причини) се упатуваат на полагање одделенски испит. Во учебната 2024/2025 година биле упатени осум ученика на одделенски испит, додека во 2025/2026 година биле упатени шест ученика од кои четири ученика положија, една ученичка го повторуваше одделението а еден ученик остана не оценет (за во август) бидејќи не се јави на испитотниот рок во јуни. Во учебната 2024/ 2025 година еден ученик од VIII одделение го има повтроувано одделението и

-Полугодишни и годишни анализи за успех -Записници од Наставнички Совет -Анкета од родители		тоа со три слаби оценки, додека во учебната 2025/ 2026 година двајца ученици со потпишана согласност од родителите се задржуваат повторно во истото, односно во I одделение. Во текот на учебната 2024/2025 година направени се голем број на изостаноци и тоа: • во првиот класификационен период има вкупно 1338 изостаноци и тоа: оправдани 1194, неоправдани 144, по ученик 3,12 • за крајот на првото полугодие има вкупно 2349 изостаноци и тоа: оправдани 2119, неоправдани 230, по ученик 5,44 • За третиот класификационен период има вкупно8537 изостаноци и тоа: 8000 оправдани, 537 неоправдани, по ученик 19,62 • Додека за крај на учебната 2024/2025 година има вкупно 11354 изостаноци и тоа: оправдани 10321, неоправдани 1033 или по ученик 26,22. Во текот на учебната 2025/2026 година направени се голем број на изостаноци и тоа: • во првиот класификационен период има вкупно 1253 изостаноци и тоа: оправдани 978, неоправдани 275, по ученик 2,96 • за крајот на првото полугодие има вкупно 3479 изостаноци и тоа: оправдани 2631, неоправдани 848, по ученик 8,21 • За третиот класификационен период има вкупно7549 изостаноци и тоа: 5755 оправдани, 1794 неоправдани, по ученик 17,76 • Додека за крај на учебната 2025/2026 година има вкупно 9855 изостаноци и тоа: оправдани 7159, неоправдани 2696 или по ученик 23,35. **Резултати од анкета со родители:** Во анкетата учествувале 127 родители

		Тврдење 2.3: Континуирано сум информиран/а за редовноста на моето дете. 52,8 % одговориле- Целосно се согласувам 46,5 % одговориле- Се согласувам Незначителен број од родители кои го одговориле прашалникот одговориле не се согласувам, целосно не се согласуваат и незнаам/ немаам информација за ова тврдење.
Покани за советување на родители/ старатели -Програма за советување на ученици и родители/ старатели - Записници од одржани советување -Вклучување на надворешни органи (Центар за социјални грижи, МОН, ДПИ) -Анкети со родители	Советување на родители/старатели и ученици	Советувањето на родителите се врши според Законот за основно образование и предходно изготвен план. Советувањата на родителите се спроведуваат четири пати во текот на една учебна година (после секое тримесечје), после оддржување на одделенските совети. Учениците и родителите се советуваат доколку: -ученикот има повеќе од три негативни оценки -има повеќе од десет неоправдани или сто оправдани изостаноци -ако учениците имаат недолично однесување На родителите им се испраќаат покани, секој родител кој треба да присуствува на советувањето добива покана осум дена пред одржувањето на истото. Се изработуваат извештаи од советувањето кои ги добиваат и самите родители. Досегашната пракса покажала дека советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати. Во учебна 2024/2025 година направени се 50 советувања на ученици и родители, додека во 2025/2026 година направени се 46 советувања на ученици и родители.

Програми за дополнителна и додатна настава -Обрасци за дополнителна и додатна настава -Распоред за дополнителна настава -Известувања и согласности од родители -Анкета со ученици		За извршените советувања со родители/старатели и ученици редовно се известуваат надлежните институции, преку пополнување и испраќање на соодветен формулар. **Резултати од анкета со родители:** Во анкетата учествувале 127 родители. **Тврдење 2.2: Од училиштето добивам добри совети за подобрување на однесувањето на моето дете.** 40,2 % одговориле- Целосно се согласувам 48,8 % одговориле- Се согласувам 8,7 % одговориле- не се согласувам мал број родители кои го одговориле прашалникот, одговориле целосно не се согласувам и незнам/ немам информација за ова тврдење.
	Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава	Во текот на учебната година наставниците изнаоѓаат различни начини преку користење на различни методи, форми и техники за работа со учениците за подобрување на постигањата на учениците. Редовно се вршат анализи за постигањата на учениците по класификациони периоди по сите наставни предмети. Добиените извештаи даваат насоки за понатамошната работа со учениците на часовите од редовна и дополнителна настава. Во училиштето се реализираат часово по дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Секој наставник уште на почетокот на учебната година ги идентификува учениците на кои им е потребна дополнителна настава. Родителите на овие ученици добиваат

		известување и даваат согласност со потпис за следење на дополнителна настава. Наставниците изготвуваат годишен план и програма за реализација на дополнителна настава и прават распоред, а училиштето на месечно ниво изготвува распоред за дополнителна настава и се истакнува на огласна табла во училиштето. Наставниците водат евиденција за присуство и напредок на учениците на дополнителна настава и редовно ги информираат родителите/ старатели за напредокот на нивните деца. **Резултати од анкета со ученици:** Во анкетата учествувале 107 ученици. **Тврдење 2.2: Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех.** 26,2 % одговориле-Целосно се согласувам 60,7 % одговориле- Се согласувам Мал број ученици кои го одговориле прашалникот, одговориле не се согласувам, целосно не се согласувам и незнам/немам информација за ова тврдење. **Тврдење 2.3: Доколку неможам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава.** 20,6 % одговориле- Целосно се согласувам 32,7 % одговориле- Се согласувам 28% одговориле- Не се согласувам 10,3 % одговориле- Целосно не се согласувам 8,4 % одговориле- Незнам/ немам информација

		Тврдење 2.4: Доколку не можам да го совладам материјалот, наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини. 29,9 % одговориле- Целосно се согласувам 49,5 % одговориле- Се согласувам 12,1 % одговориле- Не се согласувам Мал број ученици кои го одговориле прашалникот, одговориле целосно не се согласувам и незнам/немам информација за ова тврдење. **Тврдење 2.5: Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат додатни часови.** 13,1 % одговориле- Целосно се согласувам 32,7 % одговориле- Се согласувам 33,6 % одговориле- Не се согласувам 13,1 % одговориле- Целосно не се согласувам 7,5 % одоворилe- Незнам/немам информација за ова тврдење. Резултати од анкета со родители: Во анкетата учествувале 127 родители. **Тврдење 2.4: На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа.** 38,6 % одговориле- Целосно се согласувам 39,4 % одговориле- Се согласувам 11,8 % одговориле- Не се согласувам 3,1 % одговориле - Целосно не се согласувам и 7,1 % одговориле- Незнам/немам информација за ова тврдење.

Подрачје 2: Постигања на учениците

Опис/резиме на подрачјето
Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол и етничка припадност по сите наставни предмети, по класификациони периоди и по учебни години. Училиштето ги следи постигањата на учениците на Советот на предметните наставници, Советот на одделенските наставници и Наставничкиот совет. Училиштето и наставниците континуирано ги следат постигањата на учениците во воннаставните активности и уредно се води евиденција. На Наставничкиот совет се дискутира и разгледува успехот на постигањата на учениците по одделни предмети и одделенија и се предлагаат активности за подобрување на истиот. Преку следење на напредокот на учениците, набљудување и проценка од страна на наставниците и стручнатата служба, преку разговори со одделенските раководители и родителите се идентификуваат учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со попреченост и истите добиваат соодветна поддршка од училиштето. Известување на родителите за постигања на учениците, училиштето редовно го врши преку: родителски состаноци на крајот на секој класификационен период, индивидуални средби со родителите, Совет на родители, приемни денови на наставници, евидентни листови, е-дневник, свидетелства и додаток на свидетелства. Во училиштето наставниците изнаоѓаат начини преку користење на различни методи, форми и техники за работа со учениците за подобрување на постигањата на учениците. Редовно се вршат анализи за постигањата на учениците по класификациони периоди по сите наставни предмети. Добиените извештаи даваат насоки за понатамошна работа со учениците на часовите од редовна и дополнителна настава. Семејството и училиштето се две клучни средини во кои се одвива животот на децата и младите. Вклученоста на родителите во училишниот живот има позитивно влијание врз целокупниот развој, успехот и однесувањето на ученикот.Со советувањето се развива свеста за потребата од унапредување на родителските вештини, кои позитивно влијаат на квалитетот на животот на ученикот и неговите постигања.
Силни страни
- Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигања на учениците според полот и етничката припадност на учениците, по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди, - Училиштето бележи континуитет на просечниот успех на учениците, -Училиштето има добро развиен систем за идентификација на учениците со потешкотии во учењето и со посебни образовни потреби, -Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува, -Советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати,

Слаби страни Во текот на целата учебна година според анкетите на учениците и родителите доволно не се организира дополнителна и додатна настава Потреба од дополнителна доедукација на наставвниците за работа со надарени и талентирани ученици.
Приоритети Да се организираат доволен број на часови од додатна и дополнителна настава по барање на учениците. Да се спроведат едукации за наставници за работа со надарени и талентирани ученици.

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

Индикатори за подрачјето:

3.1 Училишна клима

3.2 Еднаквост и правичност

3.3 Партнерски однос со заедницата

3.4 Севкупна грижа за учениците

Самоевалуација на училиштето: ООУ „11 Октомври“ **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

Собирање податоци		
Индикатор 3.1 Училишна клима		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
социјални мрежи, медиуми, веб страна на училиштето -извештаи од реализирани натпревари од различни наставни предмети -е- дневник	Углед/имиџ на училиштето	Односите меѓу сите субјекти во воспитно-образовниот процес во училиштето се регулирани во согласност со Законот за основно образование и истите се засноваат на меѓусебна соработка, почитување и толеранција. Во училиштето се негува мултикултурализмот, се поддржува инклузивноста на децата со ПОП и се зајакнува партиципацијата на учениците и нивното учество во донесување на одлуки. Учениците и вработените подеднакво се грижат за угледот на училиштето. Сите субјекти во училиштето тежнеат кон подобрување на училишната клима преку имплементирање на менаџерското водство во

-анкети од родители/старатели, наставници и ученици -кодекс на однесување -правилник за педагошки мерки -куќен ред на училиштето -статут на училиштето -годишен извештај на Училиштето -анализа за поведението на учениците -решенија за тим за подршка -записници од одделенски и наставички совет -програма за работа на ученички парламент		подобрување на училишната клима и создавање на услови за ненасилно решавање на конфликти. Целта е училиштето да биде место во кое сите се чувствуваат пријатно и сигурно „Училиште без насилство“. Нашето училиште редовно ги афирмира сите воннаставни активности кои се реализираат, преку социјалните мрежи (фејсбук, инстаграм, веб страната на училиштето). Сите овие активности успешно се спроведуваат во соработка и поддршка со нашата локална самоуправа. Во рамки на наставните предмети, а во соработка со здруженија од истата област, нашите ученици земаат учество во општински, регионални, државни, па дури и меѓународни натпревари на кои бележат значајни успеси, за кои добиваат признанија, пофалници и награди. Сите воннаставни активности и реализирани натпревари редовно се заведуваат во електронскиот дневник на секоја паралелка. Од анкетата за наставници, на која учествувале 41 наставник, на тврдењето **„За време на моите часови има добра работна атмосфера“**, 53,7% се изјасниле позитивно – **„целосно се согласувам“** додека 46,3% од испитаниците се изјасниле со тврдењето **„се согласувам“.** На тврдењето **„Добро соработувам со колегите во училиштето“**, од вкупно 41 испитаник, 51,2% се изјасниле позитивно со тврдењето **„целосно се согласувам“**, а 48,8% се изјасниле со тврдењето **„се согласувам“.** Од анкетите може да заклучиме дека атмосфера во училиштето позитивно влијае врз сите индивидуи, а професионалната соработка е на високо ниво.

-водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта -критериуми и процедури за избор на ученик на генерација	Кодекс на однесување	Училиштето има изготвен Кодекс на однесување, каде се поставени и опишани принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето. Кодексот е изработен со учество на претставници на сите засегнати страни за живот во училиштето, а неговото усвојување се спроведе низ транспарентна процедура и е достапен до сите субјекти во училиштето. Соодветно на постојниот кодекс на училиштето има изготвен Правилник за изрекување на педагошки мерки. Од анкетите констатираме дека поголем процент родители се запознаени со кодексот на однесување, а мал дел сметаат дека нивната вклученост во идното ажурирање на содржината треба да биде поголема, а незначителен број родители не знаат дека постои ажурирање на кодексот. **Тврдење: 3.2 Имам можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување.** Резултати од анкета на родители: **30,7**% од родителите **„целосно се согласуваат“** **43,3**% од родителите **„се согласуваат“** **14,2**% од родителите **„не се согласуваат“** **11**% од родителите се изјасниле со тврдењето **„не знам/немам информација“** Во изработка и ажурирање на училишниот кодекс учествуваат поголем број наставници, па **24,4**% од нив се изјасниле дека **„целосно се согласуваат“**, **51,2**% се изјасниле со тврдењето **„се согласувам“**, **17,1**% одговориле дека не се согласуваат со истото, а мал дел од наставниците одговориле дека целосно не се согласуваат или воопшто немаат информација за тоа.

	Училишна клима	Професионалната соработка меѓу вработените е на високо ниво. Голем дел од наставниците сметаат дека помеѓу нив владеат добри односи и дека за време на наставата, одморите и воннаставните активности постои ред, дисциплина и успешно решавање на евентуални проблеми. Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во креирањето и одржувањето на мотивирачка атмосфера во училиштето, при нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Од страна на вработените, учениците постојано се насочувани да се грижат за училиштето, едни за други и без оглед на способностите, етничката припадност, верата и потеклото да се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Како резултат на тековната соработка со надлежните служби се организираат предавања и работилници на теми од безбедноста и врсничкото насилство. Работната атмосфера и добрата соработка која се заснова на заемна доверба и почит меѓу стручната служба, наставниците и другите вработени овозможуваат позитивна клима во училиштето. При анализа на резултатите од анкетите најголем број од наставниците се согласуваат дека атмосферата во училиштето е позитивна, додека мал дел од наставниците се изјасниле со тврдењето **„не се согласувам“** или **„не знам/немам информација“**. Учениците според своите одговори целосно се согласуваат и даваат позитивни мислења дека се прифатени од наставниците, сакаат да одат на училиште, но има и голем број ученици кои се изјасниле со тврдењето „не се согласувам“. Тврдење**: 3.3 Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците.** Резултати од анкета во која учествувале 107 ученици:

		31,8% - **„целосно се согласувам“** 52,3% - **„се согласувам“** Тврдење: **3.4 Сакам да одам на училиште**. Резултати од анкета во која учествувале 107 ученици: **20,6**% се изјасниле со тврдењето **„целосно се согласувам“** **37,4**% се изјасниле со тврдењето **„се согласувам“** **19,6**% се изјасниле со тврдењето **„не се согласувам“** **21,5**% се изјасниле со тврдењето **„целосно не се согласувам“** Според родителите нивното дете во училиштето е одлично прифатено како од наставниците така и од соучениците и истото не е дискриминирано. Мал број на родители се изјасниле дека не се согласуваат или немаат информација за оваа тврдење.
	Поведение и дисциплина во училиштето	Работата на училиштето се базира на одредени правила, прописи, норми и законитости. На истиот принцип се спроведува куќниот ред на училиштето и кодексот на однесување. Тие се почитуваат од сите структури на највискоко ниво. Постои позитивна работна атмосфера за време на наставата и при реализација на разни други воннаставни активности. Грижата на вработените за однесувањето на учениците за време на наставата, прием и испраќање на учениците е на максимално ниво. Во однос на непочитување и прекршување на овие правилници училиштето применува педагошки мерки. Според извештаите за поведението на учениците, на крајот на учебната 2024/25 година нема изречено ниту една педагошка мерка, додека на крајот од учебната и 2025/26 година на крајот изречени се следниве педагоки мерки: - Усна опомена – 2;

		- Писмена опомена – 5; - Укор – 1; - Намалено поведение – 1. Во целост поведението задоволува на ниво на училиште но секогаш постои можност за позитивно влијание врз учениците и нивно подобрување во однесувањето. Заради тоа во училиштето постои тим за поддршка кој постојано работи со ваквите ученици во насока на надминување на проблемите. Од анализата на анкетите најголем број од наставниците го искажале својот позитивен став дека во училиштето се почитува кодексот и куќниот ред, а незначително мал дел не се изјасниле или не се согласуваат. Позитивен став имаат и учениците кои сметаат дека се почитуваат правилата кои се заеднички донесени, а незначително мал дел не се изјасниле.
	Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми	Во училиштето има формирано ученичка заедница според насоките дадени од проектот за ученичка партиципација. Исто така функционираат и одделенските заедници. Секоја година на одделенските раководители им се дава листа со која ги избираат претседателите, потпретседателите и другите ученици одговорни за различни активности во одделението. Од претставниците на претседатели на одделенија се формира Училиштен парламент. Со тајно гласање се бира претседател и записничар. Од седмо до деветто одделение се бира и ученички Правобранител и исто така ученици кои ќе присуствуваат на Наставничките совети и работа на други слични органи и тела во училиштето. При секој избор се води сметка за етничката и половата застапеност на учениците. Работата на ученичкиот парламент ја координираат двајцата одговорни наставници и првиот состанок го отвора директорот.
Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност		

Теми по индикатори	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
анкети за ученици, наставници и родители/старатели -е- дневник -извештај од реализираните активности по повод „Детска недела“ и „Недела на детето” -интервју со стручен соработник/психолог, педагог -годишна програма за работа на Детската организација -годишен извештај од работата на училиштето -записници од состаноци на Совет на родители -веб страна на училиштето, фејсбук и инстаграм профил -записници од Училишен одбор -информатор на училиштето	Познавање и почитување на правата на децата	За време на одделенските часови, часовите по општество и историја, преку разни трибини, како и на редовните состаноци на Детската организација и Училишната заедница, учениците добиваат информации за своите права и обврски. Исто така на одделенските часови, наставниците ги промовираат правата на децата. Секоја учебна година ги запознаваат со Конвенција за правата на децата. Во училиштето по повод „Детска недела” се организираат активности, работилници и предавања на кои учениците добиваат информации за нивните права. Ги презентираат знаењата со учество на ликовни, литературни творби и проектни задачи. Наставниците им даваат можност на учениците за слободно размислување. Од анализа на акнетите се забележува дека поголем дел од родителите биле вклучени во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето. Тоа е постигнато со присуство на редовните родителски средби на кои се дискутира за правата и обврските на децата. Незначително мал број родиели не се согласуваат но и незначително мал број родители не се изјасниле по ова прашање. Најголем дел од учениците знаат како да постапат и каде да се обратат ако забележат прекршување на правата. Училишните проблеми во училиштето се решаваат преку добро воспоставена соработка меѓу учениците, одделенските раководители, наставниците и стручните соработници. Учениците во училиштето добиваат подршка и помош од педагог или психолог при решавање на некој проблем. Стручната служба ги поттикнува учениците да ги знаат и практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Наставниците им укажуваат на учениците различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето.

	Еднаков и правичен третман на сите ученици	Училиштето промовира правичен и еднаков третман кон сите ученици. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат. Училиштето навремено и соодветно реагира на поплаките од учениците за нееднаков третман. Тврдење: **3.11 Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците.** Резултати од анкета на родители: **36,2**% се изјасниле со тврдењето **„целосно се согласувам“** **43,3**% се изјасниле со тврдењето **„се согласувам“** **9,4**% се изјасниле со тврдењето **„не се согласувам“** **0,9**% се изјасниле со тврдењето **„целосно не се согласувам“** **10,2**% се изјасниле со тврдењето **„не знам/немам информација“** Сите ученици имаат пристап и се вклучени во училишните активности. Во секоја училница има истакнато Кодекс на однесување кој во најголем дел, се почитува. Училиштето се грижи учениците да се запознаат со „Правата и заштитата на децата“ и истите да се почитуваат. Наставниците ги почитуваат и постапуваат подеднакво кон сите ученици без разлика на нивната родова, етничка и верска припадност. Наставниците создаваат пријатна атмосфера на часот, ги насочуваат на дружба, на меѓусебно помагање и почитување, го почитуваат мислењето на учениците. Учениците според своите афинитети, желби и потреби се вклучуваат во дополнителни училишни активности. Од анализа на анкетите може да се заклучи дека најголем број од учениците се почитувани и прифатени од наставниците, а според родителите учат под исти услови.
Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата		

Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
годишен извештај од работата на училиштето -записници од состаноци на Совет на родители -веб страна на училиштето, фејсбук и инстаграм -записници од Училишен одбор -информатор на училиштето -годишна програма -статут на училиштето -фејсбук страна на општината -анкети за ученици, наставници и родители/старатели	Соработка на училиштето со родителите/старателите	Соработката на училиштето со родителите е континуирана, транспарентна и јасна. Родителите се вклучени во донесување на одлуки како претставници во Училишен одбор и Совет на родители. Соработката на училиштето со родителите се остварува преку повеќе форми: индивидуални средби, отворен ден, групни родителски средби, активности, едукативни работилници по различен основ и слично. Родителите се вклучени во реализација на слободните ученички активности и обезбедување на услови за екскурзии и хуманитарни акции. Родителите се вклучуваат и во воннаставните активности, во улога на едукатори од својата професија. Родителите заедно со наставниците за учениците организираат посета на работното место на родителот, посета на културни институции (музеј, театар, кино) заеднички излет за јакнење на социјалната компонента кај учениците. Советот на родители еднаш месечно, а по потреба и повеќепати одржува состаноци на кои се запознаваат со целите и задачите за работа, активностите кои ги планира училиштето и дава идеи и предлози за одредени прашања за унапредување на воспитно - образовната работа. Голем број од активностите што се реализираат и се објавени на веб страната, фејсбук и инстаграм од што може да се заклучи дека училиштето има континуирано добра соработка со родителите. Од анализираните анкети и податоци може да заклучиме дека **80,3%** од родителите кои се изјасниле на анкетата со тврдењето **„се согласувам“** или **„целосно се согласувам“** сметаат дека мислењето и ставовите на родителите за унапредување на воспитно - образовниот процес се прифаќаат, **75,6%** од наставниците ги запознаваат родителите со правата и обврските на децата и **87,8%** од наставниците се изјасниле дека ги

		прифаќаат аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно - образовниот процес.
	Соработка со општината и со урбаната заедница	Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата. Треба да ја истакнеме големата поддршка што ја имаме од Општината и Секторот за образование за реализација на одредени проекти и активности поврзани со мултиетничко образование на младите. Училиштето ги подобрува материјално техничките услови за работа, ги опремува училниците со потребната опрема и нагледни средства. Наставниците во училиштето ги почитуваат и постапуваат подеднакво кон сите родители, а за тоа сведочи големиот процент на вклученост на родителите во реализација на активности. Од анализираните анкети и податоци може да се каже дека наставниците во целост ги поттикнуваат родителите да се вклучат во училишни активности, а соработката со Општината и заедницата според наставниците е на доста високо ниво.
Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
полугодишни и годишни извештаи -протокол за ненасилство -анкети со ученици, со родители и наставен кадар	Превенција и заштита од насилство	Училиштето води грижа за обезбедување безбедна животна средина за учење и творење. Во рамките на реализацијата на часовите на одделенска заедница, одделенските наставници ги опфаќаат содржините за разрешување на конфликти и едукација за ненасилно однесување. Активностите се реализираат со искажување на критичко размислување за ненасилство преку лични творби (поезија, проза и сликовито претставување) поттикнување ненасилно однесување и негување позитивни вредности.

-разговор со стручна служба -кодекс на однесување -куќен ред на училиштето -работилница за здрава храна -увид во училишниот простор -годишна програма за работа на училиштето -известување и извештај за систематски прегледи на сите вработени во училиштето -известување и извештај за вакцинација на учениците		Истото се потврдува од полугодишните и годишните извештаи. Училиштето има Протокол во кој се дефинирани сите форми на насилство и начини на постапување. Протоколот е достапен на сите (наставници, ученици и родители). Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Училиштето води грижа за појавените форми на насилство и постапува според протоколот. Од спроведената анкета за ученици, може да се види дека најголем број од учениците **(91,6%)** знаат каде да се обратат кога имаат потреба од помош, **(90,7%)** ја знаат постапката за пријава на врсничко насилство и велат дека во училиштето се работи на решавање на конфликти и спречување насилство. Поголем број од родителите – **76,3** % се запознаени со училишниот Протокол за превенција и постапување во случај на насилство и сметаат дека во училиштето се спроведуваат активности за превенција од насилство. **68,5%** од родителите велат дека училиштето ефикасно се справува при појава на насилство – насилно однесување меѓу учениците, **11%** од родителите не се согласуваат и **17,3%** од родителите немаат информација. Тврдење: **3.14 Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти.** Резултати од анкетата на која учествувале 127 родители: **26,8%** се изјасниле со тврдењето **„целосно се согласувам“** **48,8%** се изјасниле со тврдењето **„се согласувам“** **19,7%** се изјасниле со тврдењето **„не знам/немам информација“** **97,5%** од наставниците се изјасниле дека во училиштето се спроведуваат активности за превенција од насилство, а **87,8%** тврдат дека во

-известување за стоматолошки преглед на ученици -извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); -записници од наставнички совети; -програмата за работа на подмладокот на Црвен крст -план за заштита и спасување -програми за работа на стручната служба -записници (евидентни листи) од индивидуалните разговори со учениците и со родителите -увид во педагошката евиденција		училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство, незначително мал дел од наставниците не се согласуваат со ова тврдење и **7,3%** од наставниците немаат информација за оваа тврдење.
	Заштита од пушење, алкохол и од дрога	Во училишната зграда на видни места има истакнато знаци за забрана за пушење, но не и за внесување и консумирање алкохол. Во училиштето се реализираат активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства, но потребно е зголемување на истите. Од анализа на анкетите може да се заклучи дека поголем дел од учениците **75,7%,** учествуваат и знаат како да се заштитат од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства; **74%** од родителите се согласуваат со тврдењето дека во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога. Поголем дел од родителите, **22%,** немаат информација дека во училиштето се превземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога.
	Квалитет на достапна храна	Во училиштето се води кампања за здрава исхрна на учениците. Истата е вклопена во наставната програма по различни наставни предмети како и на часовите на одделенската заедница. За жал на состаноците на Совет на родители, членовите се изјаснуваат, неколку години наназад, дека нема потреба од организирана ужинка за децата. Учениците купуваат ужина од продавниците кои се оддалечени од училиштето, при што се изложени на ризик од сообраќајниот метеж и се забележува доцнење на учениците на третиот час после големиот одмор. Со оглед на тоа што многу мал број од учениците носат припремена ужинка од дома и се хранат со кифли, добро би било овие сознанија да се искористат за да се разговара со учениците и родителите за важноста

		на храната која ја консумираат учениците и проверка што купуваат учениците на одморите кога се во училиште. Од страна на раководниот кадар на училиштето беше изготвена наредба со која се забранува внесување на лименки со газирани пијалоци, конзервирани сокови, тостови, хамбургери, чоколади, друг вид на слатки, смоки, чипс и други грицки. Наредбата беше прочитана пред учениците и пред родителите на родителската средба од страна на одделенскиот односно класниот раководител на секоја паралелка.
	Хигиена и заштита од болести	Хигиената во училиштето е на високо ниво. Тоалетите за учениците и наставниците се чистат и дезинфицираат на секои два часа на дневно ниво, но и секој петок се прави неделно генерално чистење. За чистењето се употребуваат квалитетни средства кои се безбедни за средината каде што престојуваат деца. Во секоја училница има корпа за отпадоци. Ходниците и скалите се чистат најмалку два пати во денот, а подот и мебелот во училниците се чистат два пати во денот (пред почетокот на секоја смена). Прозорците, вратите и другиот инвентар се чистат два пати во секое полугодие-задолжително на секој распуст, но и покрај тоа се врши редовно чистење секој месец. Дворот од училиштето е чист од секаков вид отпадоци, има корпи, а земјените површини се позеленети и редовно се оддржуваат. Училиштето еднаш годишно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Санација на стаклата и училишниот мебел се врши од страна на хаусмајсторот на училиштето. Редовно се санираат и обновуваат клупи и столчиња во училиштето. Во текот на целата година се одржуваат еколошки и работни акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња, стара хартија и друг отпаден материјал што се рециклира. Во

		соработка со здравствените домови се одржуваат предавања за превенција од заразни болести или епидемии. Секоја година учениците редовно се носат на систематски прегледи, залевање на заби и се вакцинираат согласно календарот на Министерството за здравство. Наставниците редовно ги советуваат учениците за правилно одржување на личната хигиена, а училиштето има политика за правилно постапување при појава на заразни болести. Во тој случај хигиената се води на највисоко ниво и се води редовна евиденција за отсуствата на учениците. Наставниците постапуваат согласно медицинските препораки (пр. Доколку препораката е да не вежбаат на часовите по физичко воспитување се постапува по неа). Наставниот кадар и сите вработени во училиштето редовно одат на систематски и санитарни прегледи. Во училиштето има наставници што се одговорни за давање прва помош во училиштето. Во врска со хигиената во училишната средина, поголем број на родители – 69,3% сметаат дека хигиената е на високо ниво, 26,8% од родителите не се согласуваат со оваа тврдење. 63,5% од учениците се изјасниле дека училиштето е чисто и уредно, но повеќе од 22,4% од учениците не се согласуваат со ова тврдење.
	Грижа за безбедноста на учениците и вработените	Како дел од годишната програма за работа во училиштето е програмата за работа на подмладокот на Црвен крст во училиштето. Програмата на ПЦК опфаќа вежби за евакуација во случај на елементарни непогоди и опасности кои се реализираат со учениците во целото училиште. Во учебната 2024/2025 година во соработка со Црвен крст беше спроведена обука на наставниците за укажување на прва помош со цел безбедна средина за учениците. Во училиштето има ПП-апарати кои редовно се сервисираат. Во централното училиште, на новиот дел во подрачното училиште во Долно Којнаре и на подрачното училиште во с.

		Речица има поставено громобранска инсталација. Во училиштето има поставено план за евакуација кој е поставен на видно и пристапно место. На влезот во училиштето, влегувањето и излегувањето на сите субјекти се надгледува од вработените од техничката служба и дежурните наставници. На одморите во училиштето во ходниците и училишниот двор дежураат наставници според распоредот за дежурства. Во централното училиште како и во двете подрачни училишта нема видео надзор за безбедност на учениците и вработените. Има изготвено програма за заштита и спасување од елементарни непогоди и воедно Директорот на училиштето има определено тим за кризни интервенции во училиштето. Во учебната 2024/25 година се организираше симулација за постапување во случај на елементарни непогоди со учениците и вработените поради постојаните најави за подметнати бомби во училиштата на ниво на државата. Од спроведената анкета со учениците, може да се истакне нивното тврдење: Учениците – **21,5%** во целост се согласуваат дека во училиште се чувствуваат сигурно и безбедно, а **8,4%** од учениците се изјасниле дека не се чувствуваат безбедно и сигурно на училиште.
	Грижа за учениците од социјално загрозени семејства	Во нашето училиштето секоја година се евидентираат ученици од социјално загрозени семејства. Во случај на социјални материјални потреби кај семејствата, училиштето им обезбедува поддршка и помош преку спроведување на хуманитарни акции (собирање на парични сретства, организирање хуманитарни акции за собирање на облека и обувки, собирни акции на храна) организирани од подмаладокот на Црвениот крст во нашето училиште, обезбедување на надворешна финансиска помош преку општината која секогаш учествува во помагање на социјално загрозените семејства (самохрани родители) на ученици со доделување пакети со храна, акции организирани преку советот на родители, Министерството за образование и наука, невладини

		организации и деловната заедница. Наставниот кадар секогаш води грижа за учениците од ранливите категории за да бидат вклучени во училишните активности. За таа цел наставниците соработуваат меѓусебно со родителите, стручните соработници и со релевантните институции. Од анализа на спроведената анкета, 100% од наставници (**51,2% се изјасниле дека „целосно се согласуваат“ и 48,8% се изјасниле дека „се согласуваат“**) тврдат дека ги вклучуваат учениците од ранливите категории во училишните активности според нивните способности, желби и афинитети и со тоа водат грижа оваа категорија на ученици да се почуствуваат прифатени без разлика на нивната социјална состојба.
	Грижа за учениците со здравствени проблеми	Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. За овие ученици наставниците во договор со директорот може да организираат и индивидуални часови во кои ги надокнадуваат пропуштените содржини (испраќање на материјали за работа, организирање дополнителни часови кога ќе се вратат, пружање на помош и поддршка од страна на наставниците и соучениците). Во училиштето за 15 ученици со ПОП ангажирани се 12 образовни асистенти за помош при работа со овие ученици (двајца асистенти работат со по два ученика во иста паралелка). Процедурите што се изготвени од страна на училиштето се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман. Притоа училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со другите релевантни институции (на пр. здравствени установи, Центар за социјални работи).

	Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците	Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми, без оглед на изворот: семејно насилство, семејна грижа, болест во семејството, постконфликтни трауми. Изготвена е евиденција за сите ученици со емоционални проблеми за кои имаме добиено соодветни информации од родителите, соучениците, наставниците. Стручната служба и наставниците редовно разговараат, разменуваат мислења и се договараат за слушање, разбирање и пружање на помош на децата кои имаат емоционални потешкотии. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и родителите во справување со ваквите проблеми и потешкотии. Училиштето има редовна соработка со релевантните институции, како што се: здравствените установи, Центарот за социјална работа, Завод за ментално здравје, СВР Куманово итн.
	Давање помош при изборот за продолжување на образованието	Според предвидената Програма за професионална ориентација на учениците од деветтите одделенија, се спроведуваат следниве активности: •Информирање на учениците за можностите во врска со нивното понатамошно образование; •Договори за презентација на средни училишта со користење на промотивен материјал, флаери, трибини, дебати, отворени денови и др. •Индивидуални разговори со ученици за избор на нивно занимање по барање на ученикот; •Обука на членови на стручната служба за Професионална ориентација од понудените програми од БРО и МОН.

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

Опис/резиме на подрачјето

Надвор, но и во општината училиштето е препознатливо по својата работа. За тоа говори самата позитивна работна атмосфера која влијае врз сите индивидуи, а професионалната соработка меѓу сите субјекти е на високо ниво. Воннаставни активности и реализирани натпревари дополнително го зголемуваат угледот на нашето училиште. Во училиштето постои и во голема мерка се почитува кодексот на однесување. Поголем процент родители се запознаени со кодексот на однесување, а незначително мал дел сметаат дека нивната вклученост во идното ажурирање на содржината треба да биде поголема. Учениците според своите одговори целосно се согласуваат и даваат позитивни мислења дека се прифатени од наставниците и сакаат да одат на училиште. Според родителите нивното дете во училиштето е одлично прифатено како од наставниците така и од соучениците и истото не е дискриминирано. Куќниот ред се почитува и од учениците и од вработените на највискоко ниво. Во целост однеувањето на учениците, нивното поведение задоволува на ниво на училиште, но секогаш постои можност за позитивно влијание врз учениците и нивно подобрување. Училиштен парламнт работи демократски, рамноправно во однос на полова и национална припадност. Поголем дел од учениците позитивно се изјасниле дека наставниците ги разбираат нивните потреби. Во одделенијата има заеднички правила и истите се почитуваат, а училишната заедница е целосно активна. Дисциплината во училиштето според родителите е на високо ниво, а учениците се мотивирани за донесување одлуки од нивен интерес. Најголем дел од учениците ги знаат своите права, знаат како да постапат и каде да се обратат ако забележат прекршување на правата. Учениците имаат иницијатива и поддршка од наставниците во реализирање на нивните идеи и барања. Училишните проблеми во училиштето се решаваат преку добро воспоставена соработка меѓу учениците, одделенските раководители, наставниците и стручните соработници. За време на одделенските часови, часовите по општество и историја, преку разни трибини, како и на редовните состаноци на Детската организација и Училишната заедница, учениците добиваат информација за своите права и обврски. Поголем дел од родителите биле вклучени во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето. Тоа е постигнато со присуство на редовните родителски средби на кои се дискутира за правата и обврските на децата. Незначително мал број родители не се согласуваат но и незначително мал број родители не се изјасниле. Учениците во училиштето добиваат подршка и помош од педагог или психолог при решавање на некој проблем. Училиштето промовира правичен и еднаков третман кон сите ученици. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат. Учениците се почитувани и прифатени од наставниците, а според родителите учат под исти услови .

Соработката на училиштето со родителите е континуирана, транспарентна и јасна. Родителите се вклучени во работата на училиштето за донесување на одлуки. Голем број од активностите што се реализираат и се претставени на веб страната, фејсбук и инстаграм од што може да се заклучи дека училиштето има континуирано добра соработка со родителите. Мислењето и ставовите на родителите за унапредување на воспитно- образовниот процес се прифаќаат од страна на наставниците. Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница, преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата, а родителите се поттикнуваат да се вклучат во училишни активности. Училиштето води грижа за обезбедување безбедна животна средина за учење и творење. Најголем број од учениците знаат каде да се обратат кога имаат потреба од помош, ја знаат постапката за пријава на врсничко насилство, а училиштето работи на решавање на конфликти и спречување насилство. Родителите сметаат дека во училиштето се спроведуваат активности за превенција од насилство, запознаени се со училишниот протокол за превенција и постапување во случај на насилство. Поголем дел од учениците знаат како да се заштитат од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства, а мал број одговориле дека не се согласуваат или немаат информации. Поголем дел од родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина во која се преземаат мерки за заштита од пушење, алкохол и дрога но и мал број немаат информација не знаат или не се согласуваат со истото. Хигиената во училиштето задоволува. Поголем број родители сметаат дека хигиената е на високо ниво, а незначително мал број не се согласуваат или немаат одговор. Поголем број од учениците се согласуваат дека училиштето е чисто и уредно, а незначително мал број не се согласуваат или немаат одговор. Наставниците редовно ги советуваат учениците за правилно одржување на личната хигиена. Училиштето има политика за правилно постапување при појава на заразни болести. Во училиштето се реализираат вежби за евакуација во случај на елементарни непогоди и опасности. Најголем број од учениците во целост се согласуваат дека во училиште се чувствуваат безбедно. Во училиштето секоја година се евидентираат ученици од социјално загрозени семејства. Во случај на социјални материјални потреби кај семејствата, училиштето им обезбедува поддршка и помош преку спроведување на хуманитарни акции, а се обезбедува и надворешна финансиска помош преку општината. Наставниот кадар секогаш води грижа за учениците од ранливите категории за да бидат вклучени во училишните активности. За учениците кои се соочуваат со здравствени проблеми или подолго време отсуствуваат од настава се води грижа за надополнување на наставниот материјал.

Работата на училиштето се базира на одредени правила, прописи, норми и законитости. При запишување на учениците во прво одделение се врши опсервација на подготвеноста и зрелоста на ученикот за поаѓање во училиште. Стручната служба е професионално подготвена да ги препознае учениците со потешкотии како и да им помогне и да ги упати до релевантните инсттуции. Училиштето изготвува програма за

професионална ориентација на учениците и презема активности за професионална ориентација – потребно е поголема афирмација кај родителите за истата.

Силни страни

- Училиштето активно работи на промоција преку веб страна на која се објавуваат тековни информации за сите тековни настани и активности како и на фејсбук профилот на училиштето и на инстаграм профилот на училиштето.
- Во училиштето се реализираат различни видови воннаставни активности, се посетуваат разни институции и установи, а се реализираат и активности во кои учениците може дополнително да ги истакнат своите вештини и способности (музички, ликовни, спортски).
- Училиштето учествува на натпревари од различни области на кои се постигнуваат одлични резултати како на регионални, на општински така и на државни натпревари за кои и учениците и менторите се наградувани.
- Стручната служба во училиштето има уредно изготвени Кодекси, Праволници, Процедури и Протоколи за непречено реализирање на воспитно образовниот процес.
- Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците
- Во текот на целата година се оддржуваат еколошки и работни акции.
- Во училиштето редовно се спроведуваат вежби за заштита од природни непогоди, а учениците се согласуваат дека во училиште се чувствуваат безбедно.

Слаби страни

- Движењето на учениците со телесни пречки во развојот во училиштето е делумно приспособен на нивните потреби (потреба од лифт за качување на вториот кат).
- Недоволна вклученост на учениците во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства организирани од страна на одд. и класни раководители;
- Родителите се недовнолно информирани на родителските состаноци дека во училиштето се преземаат мерки за превенција од насилство, заштита од алкохол, пушење и дрога.

Приоритети

- Поголема вклученост на сите субјекти во воспитно-образовниот процес во работилници за заштита од насилство, штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства, како и поголема информираност на родителите за превземаните активности.
- Потребно е доплнително прилагодување на училишниот простор за ученици со пречки во развој (лифт)

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

Индикатори за подрачјето:

4.1 Управување и раководење со училиштето

4.2 Цели и креирање на училишната политика

Самоевалуација на училиштето: ООУ „11 Октомври“ **Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

Собирање податоци		
Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Деловодник за работа на УО Записници,одлуки и извештаи од работата на УО Статут на училиштето Годишна програма на УО	Управување со училиштето	УО е органот кој управува со работата во училиштето. Тој е конституиран во согласност со Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Надлежностите за управување се јасно дефинирани во одредбите од Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Истите се почитуваат и извршуваат и во нашето училиште. Работата на УО е определена со Деловодникот за работа на УО. Информираноста за одржување на состаноците е во електронска, писмена форма и телефонски контакти. За редовноста и присуството на членовите на седниците, одговорен е административниот работник – секретар на училиштето. Седниците се водат од страна на претседателот на УО Далибор Стојановиќ по однапред утврден дневен ред, кој им е доставен со поканите на сите членови на УО. Состаноците на Училишниот

Разговор со одговорно лице Разговор со ученици и наставници Разговор со технички персонал		Одбор се одржуваат со мнозинство на членовите. Ако нема кворум состанокот се одложува. На состаноците се обработуваат актуелни, тековни и прашања предвидени со целите и задачите од Годишната програма за работа за УО, согласно Статутот на училиштето. УО практикува да обезбедува информации од своето работење преку огласната табла во училиштето, но не и сеопфатни информации за заклучоците од своето работење пред Наставничкиот совет и Стручните активи на училиштето. Подрачните училишта се вклучени во УО преку претставниците од редовите на Советот на родителите и од редот на наставниците. Потребите, правата и барањата на учениците се рефлектираат преку претставниците од Советот на родители. За одлуките донесени на Училишен Одбор, вработените и сите заинтересирани субјекти се информираат на Наставнички совети, извештај за работа на училиштето во календарската година и со извештај за Годишната програма.
Анкета со ученици	Раководење со училиштето	В.Д. Директорот на училиштето, Славица Стојановиќ, според Законот за основно образование е раководен орган на училиштето. Истата има високо образование, професор по одделенска настава, работно искуство 20 години, со положен испит за директор. Органот на раководење своите работни задачи ги извршува согласно Годишната програма за работа на директорот и Законот за основно образование. Раководниот орган за своја комуникација со другите субјекти го има изберено моделот на непосредни, индивидуални разговори и

Документација за планирани и набавени помошни материјали Самоевалуација и план на развој на училиштето Полугодишен и годишен извештај за работа Годишна програма за работа Увид во библиотекарска евиденција		консултации, јавни соопштенија, комуникација со класни раководители, стручна служба, родители, состаноци, прес изјави, соопштенија преку социјални медиуми и сл.
	Управување и раководење со ресурсите	Подобрување на целокупната училишна инфраструктура што резултираше со замена на врати во централното училиште, односно реконструкција на подрачнито училиште, конкретно во с. Речица, а во подрачното училиште во с Д. Којнаре беше планирана и во тек е задача за целосна реконструкција на стариот објект со воведување на централно греење во двата објекти. При уписот на учениците се настојува максималниот број од обврзници во прво одделение во однос на реонизација да бидат опфатени во нашето училиште. За таа цел, како училиште, превземаме различни активности: испраќање покани до родителите и посета на семејства, промотивни настани за вклученост во проекти преку изготвување на брошура за училиштето, флаери за родители, отворен ден во училиштето, отворени часови, работилници со родители, web страна на училиштето, медиумско претставување на училиштето преку информирање на јавноста за нашите активности, воведување на атрактивни проектни активности како и нивната презентација, промовирање на успесите на нашите ученици. Фокус е истотака ставен на обезбедување на компјутерски компоненти за поефикасна настава. Финансиските средства од блок дотации се трошат наменски за да се задоволат потребите на училиштето. При тоа исто така се користат и средства од самофинансирање кои се обезбедуваат преку издавање на спортската сала. Исто така училиштето нема посебен влез за ученици, наставници и други субјекти и во иднина ќе треба да се обезбедат средства за доизградба на посебен пристап (влез) во училиштето.

		Училиштето располага со наставни средства и помагала што се евидентирани според пописната листа: четири радиокасетофони, еден ТВ-приемник, два дијапроектора, два музички система, пијано, синтисајзер, графоскоп, перископ, компјутерски системи во канцелариите и кабинетите на директорот, секретарот, стручна служба и книговодителот, ЛЦД-проектор, два мултифункциски печатача и три класични печатача, нагледни средства по географија, математика, физика, хемија, биологија, историја и други наставни предмети. Нагледноста во училиштето е добра, меѓутоа има потреба од нови нагледни средства за поквалитетна и поуспешна реализација на наставните цели и задачи. Во училиштето, врз основа на проектот што го раководеше наставникот по англиски јазик Бобан Ничевски, донирани се еден декстоп-компјутер и СМАРТ-табла кои се сместени во кабинетот по англиски јазик. Кабинетот по информатика е опремен со компјутери и компјутерска галантерија. Училишната библиотека е сместена во посебно прилагодена просторија за таа намена, во која мебелот и витрините соодветствуваат на стандардите за чување на книгите. Училишната библиотека располага со повеќе од пет наслови на книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија; прописно располага и со компјутер и пристап до интернет. Таа е отворена за користење од страна на учениците од двете смени. Просторијата на библиотеката располага со седум двострани полици, четири ѕидни полици, една мала маса, четири столици и професионален апарат за фотокопирање. Наставниците и учениците имаат пристап до бежичен интернет. Училиштето располага со пвц-табли во неколку кабинети на училиштето.

		Потрошниот материјал (креди, хамери, хартии, боици, маркери, тонери) редовно се набавува и ги задоволува потребите на наставниците и учениците. Стручната литература делумно ги задоволува потребите на наставниците. Спортската сала има потреба од итна реконструкција како и дополнителна набавка на спортски реквизити за подобра реализација на програмата по физичко и здравствено образование. Стручната литература е застапена со 398 книги и 50 енциклопедии, разни прирачници, речници, и лектирни изданија. Библиотечниот фонд е збогатен со нови 734 книги на англиски јазик и 93 лектирни изданија за сите одделенија од I до IX одделение. Вкупниот фонд на книги изнесува 7649. Постојаниот книжевен фонд уредно компјутерски се води, како и побарувањето и примопредавањето на учебници од одделенски и класни раководители со архивирани изјави од прво до деветто одделение. Покрај ова, за загубени и оштетени учебници се чува прилог со уплатници. Наставниците и учениците се известуваат со процедура за користење на учебниците. Во магацинскиот простор на библиотеката има резервни учебници од прво до деветто одделение.
	Раководење со кадарот	Едуцирање на наставниците за подобрување на нивниот кариерен и професионален развој и употреба на современи алатки во наставата (СМАРТ табли со приклучни програми за дигитална настава). Партиципативен менаџмент со примена на учество во одлучувањето при решавање на проблеми или генерирање на идеи се базира на фактот дека токму тоа ја зголемува мотивацијата на вработените во училиштето, приврзаноста на учесниците во процесот на одлучувањето, како и

		обезбедување еднакви можности и пристап до информации. Пример, во училиштето постои практика на креирање и усвојување на интерни документи што ја дефинираат политиката на училиштето во врска со безбедноста и социоемоционалната состојба на учениците, која не само што ги рефлектира напорите на управата и вработените да обезбедат здраво и безбедно училиште туку и претставува добар пример за демократичност и вклучување на сите заинтересирани страни при креирање на политиките. Поттикнување на соодветна работа поради примена на поуспешен инклузивен пристап со ученици од ранлива категорија како и со талентирани ученици. Подобрување на заемна комуникација на вработените како услов за квалитетна училишна клима
	Следење и унапредување на наставниот процес	Остварувањето на воспитно-образовните цели во училиштето во голема мера зависи од работната клима која постои во училиштето. За позитивна клима во училиштето потребно е создавање на пријатен амбиент во во кој се остварува воспитно-образовниот процес, вклучувајќи ги тука, покрај материјално-техничките услови и меѓусебните односи на сите учесници во процесот (наставници,ученици,училишен персонал,семејството). Во насока на подобрување на истата е преку јакнење на чувството на демократичност, заедништво, ентузијазам и тимска работа во училиштето до подобрување на квалитетот на меѓучовечките односи на сите релации, изградување на клима на заемна почит и доверба, отворена и чесна комуникација, добра соработка, колегијални пријателски односи и меѓусебно разбирање. Важноста од негување на родова сензитивност, мултикултурализмот, подржување на инклузивност, се фактори за успешна работа и градење на позитивна клима кои влијаат на наставниот процес. Редовна посета од страна на директорот на наставни часови и повратна информација на наставниците во врска со реализација на наставната програма.

Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
	Процедури за креирање на училишната политика	Училиштето има пропишани процедури за донесување на училишни политики и програми. Вработените, родителите и учениците учествуваат во креирањето на политиките, целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување преку состаноците на Наставничкиот совет, Совет на одделенски наставници, Совет на предметни наставници, Совет на родители и родителски состаноци, стручни активи, преку соопштенија, информативни катчиња, огласна табла, веб страна на училиштето. Учениците преку ученичкиот парламент активно се вклучени во креирање и остварување на интересите на училиштето преку организирање и учество еколошки акции. Континуирано се подобруваат политиките во училиштето за намалување на насилството во училиштето, намалување на семејното насилство во соработка со Центар за социјални работи, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивно образование, еколошко образование, меѓуетничка интеграција. Училиштето ги зема во предвид мислењата на родителите и на учениците при креирањето на политиките на училиштето. Дел од процедурите не се ажурирани.
	Резултати од развојно планирање	Целите во развојната програма се јасни, конкретни и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. Дел од нив се потешко остварливи поради потреба од финансиски средства со кои што не располага училиштето и треба да се обезбедат од Општината, донатори или учество во проекти. При нивното поставување се вклучени наставниците, стручната служба, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето редовно и навремено ги информира

		наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Информациите со засегнатите страни за резултатите кои треба да се постигнат од развојната програма се образложуваат на Наставничките совети и на Училишен одбор. Исто така релевантните страни со ваквите информации можат да се запознаат индивидуално преку Развојна програма на училиштето, Соопштенија за наставници, ученици и родители. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.
	Планирање и управување со училишниот буџет	Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и негово трошење и има донесено финансиски план во кој се регулирани процедурите за обезбедување и распределувањето на финансиските средства. И покрај тоа што изработениот и уредно доставен финансов план од страна на Училиштето содржи приоритети тесно поврзани со образовните цели за подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрувањата на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина истиот рестриктивно се одобрува од страна на основачот на училиштето. Одобрениот буџет се користи наменски, а во најголема мерка се користи за приоритети кои се поврзани со тековно одржување – комунални услуги, греење, комуникација, превоз на ученици, хигиена, ситен инвертар и поправки. Училишниот одбор навремено го добива и разгледува извештајот за планираниот финансиски план и истиот го одобрува и доставува до основачот. Советот на општината по разгледување го одобрува доставениот финансиски план. Училишниот одбор редовно ги следи финансиските активности и финансиската состојба на училиштето при трошењето на буџетот.

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

Опис/резиме на подрачјето

Орган на управување - Училишниот одбор, орган на раководење – директорот, Наставничкиот совет, Советот на родители, Советот на предметни наставници и Советот на одделенски наставници успешно функционираат во однос на организирање, управување и раководење на работата во училиштето. Придонес во раководењето има и Ученичкиот парламент составен од претставници на учениците од сите паралелки како и сите одделенски раководители на паралелките од одделенска и од предметна настава. Од сите овие структури произлегуваат иницијативи, предлози и заклучоци кои се рефлектираат во останатите сегменти од раководењето.

Сите надлежности и задачи во врска со раководењето јасно се дефинирани и се во согласност со законските прописи. Постои соработка меѓу раководниот тим која се реализира преку редовни состаноци на кои се работи со потребен кворум и се донесуваат одлуки, решенија и акти во согласност со законските прописи и статутот на училиштето. Работата е транспарентна, информациите од состаноците се објавуваат на огласна табла во училиштето или во вибер група, а донесените одлуки секогаш доследно се спроведуваат. Во раководењето со училиштето учествуваат и наставниците преку активностите на два стручни активи: Стручен актив на одделенска настава, Стручен актив на предметни наставници.

Училиштето се грижи за професионалниот развој на наставниот кадар преку посета на обуки, семинари, организирани од страна на БРО, МОН, ОУРЦ „Иднина“, како и интерни обуки организирани од страна на училиштето. Исто така наставниците и имаат редовна посета од страна на директорот и стручните соработници на наставни часови за што добиваат и повратна информација во врска со реализација на наставната програма.

Целите во училиштето се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. Училиштето ги прифаќа ставовите на наставниците, родителите и учениците во врска со развојот на училиштето. Критериумите на училиштето се мерливи и остварливи.

Спортската сала има потреба од итна реконструкција како и дополнителна набавка на спортски реквизити за подобра реализација на програмата по физичко и здравствено образование. Исто така училиштето нема посебен влез за ученици, наставници и други субјекти и во иднина ќе треба да се обезбедат средства за доизградба на посебен пристап (влез) во училиштето.

Изготвувањето на Развојната програма е тимски, односно вклучени се сите субјекти и тоа: директорот, стручните соработници, наставниците, родителите, учениците, претставници од локалната самоуправа преку анкетирање и одговарање на прашалници и други активности.

Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и негово трошење и има донесено финансиски план во кој се регулирани процедурите за обезбедување и распределувањето на финансиските средства.

Силни страни

- Училиштето е добро раководено
- Успешна соработка помеѓу стручните соработници и наставниците за квалитетно планирање и реализирање на ВОП.
- Континуирано користење на веќе адаптираната и опремена сензорна соба за работа со ученици со ПОП
- Библиотеката располага со доволен библиотечен фонд на книги со кој ги задоволува потребите на учениците, наставниците и стручните соработници за што уредно се води електронска евиденција

Слаби страни

- Училишната библиотека не располага со читална за учениците
- Недостаток на наставни нагледни средства и помагала согласно нормативите по одредени наставни предмети, ИКТ опрема, Спортската сала има потреба од итна реконструкција како и дополнителна набавка на спортски реквизити за подобра реализација на програмата по физичко и здравствено образование и воннаставни спортски активности
- Потребата од зајакнување на стручната служба со вработување на уште еден стручен соработник (социјален работник, дефектолог или педагог) во училиштето
- Доизградба на посебен пристап (влез) во училиштето.

Приоритети

- Поголема информираност на родителите во врска со користење односно трошење на училишниот буџет.
- Набавка на нагледни средства и помагала согласно нормативите по одредени наставни предмети како и потреба од итна реконструкција на спортската сала и дополнителна набавка на спортски реквизити за подобра реализација на програмата по физичко и здравствено образование и воннаставни спортски активности
- Доизградба на посебен пристап (влез) во училиштето.
- Вклучување на училиштето во проекти кои би обезбедиле материјална поддршка за реализирање на поставените цели

Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

Анкета за родители/старатели
Анкета за наставници
Анкета за ученици
Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба
Резиме (главни наоди) од фокус групи
Наоди од набљудување часови
Наоди од други видови набљудувања